РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-309/5 и 11-299/4
19.05.2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по**

**Архитектонско-Урбанистички проект за формирање на посебни градежни парцели на ГП 7.02, во Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Грвгелија-граничен премин Богородица, КО Богородица, Општина Гевгелија**

**и**

**Архитектонско-Урбанистички проект за препарцелација на ГП 11.1 и формирање на нови градежни парцели на ГП 11.1.1 и ГП 11.1.2 КО Прдејци, општина Гевгелија**

Архитектонско-Урбанистички проект за формирање на посебни градежни парцели на ГП 7.02, во Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс, на потег Грвгелија-граничен премин Богородица, КО Богородица, Општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на Општина Гевгелија и јавната анкета ќе трае 5 работни дена, односно од 26.05.2020 до 02.06.2020 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.

Јавната презентација ке се одржи во малата сала на Народниот театар во Гевгелија, на ден 26.05.2020 година (вторник) во 12.00 часот.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на градежната парцела 7.02, односно ги опфаќа (КП 3110, КП 3111, КП 3106/3, КП 3107/1, КП 3107/4, КП 3706/3, дел од КП 3109/1, дел од КП 3112/1 и дел од КП 3706/1) КО Богородица, општина Гевгелија.

Опфатот е со површина од 6.459 $м^2$.

Архитектонско-Урбанистички проект за препарцелација на ГП 11.1 и формирање на нови градежни парцели на ГП 11.1.1 и ГП 11.1.2 КО Прдејци, општина Гевгелија ке биде изложен во просториите на Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија и јавната анкета ке трае 5 работни дена, односно од 26.05.2020 до 02.06.2020 година секој работен ден од 08 до 16 часот.

Јавната презентација ке се одржи во малата сала на Народниот театар во Гевгелија на ден 26.05.2020 година (вторник) во 13.30.00 часот.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на градежната парцела 11.1, односно ги опфаќа (КП 1288/1, КП 1288/2 и КП 1290, КО Прдејци, општина Гевгелија.

Опфатот е со површина од 1.776 $м^2$.

Поради пандемијата на Коронавирусот Ковид-19, а заради пропишаните заштитни мерки, Општина Гевгелија ќе ги изложи архитектонско-урбанистичките проекти на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, а стручно образложување на решението ќе дава одговорниот планер на проектите на електронската адреса **liljana.ivanovska@yahoo.com**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да учествуваат на Јавната презентација и Јавната анкета, а во времетраењето на анкетата можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови, кои се наоѓаат во Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

.

Градоначалник
на општина Гевгелија

**м-р Сашо Поцков**

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk